човековите барања никого не го остави без желба; се провлекува таа нездржано и својствено низ сите тие желби, за никогаш со една од нив да не се врзе бескрајно, а со некој ред ја наоѓа онаа на која и дава моќ на закон. Така смените станаа нужни, но никако поинаку освен преку напади, отпори, раскинувања. Така и во Социјалистичка Југославија се покажа онаа, според законите на општественото суштество подсилена, желба која со неодоливоста на својата моќ ги скрши сите послаби од себе. Слабости сепак доби во наследство, цели и искинати остатоци од старите неуспеси, но над нив ја издигна својата пламена сила и енергична намера да го отстрани сé она што е трага од робувањето, да се внесе во создавањето со кое ќе биде крај оние народи што својот поредок и своите цели без колебање ги изведува кон нужната насока на човечкиот напредок.

*Љубен Лапе*

# КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ПЕРИОДИЗАЦИЈАТА НА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

## I

Многу малку внимание во минатото му е посветувано на прашањето за периодизацијата на историјата на југословенските народи, а тукуречи досега никако на периодизацијата на историјата на македонскиот народ. Поаѓајќи од поставката дека не постои македонски народ буржоаските историографии од соседните земји на Македонија, како идеолошки орудија на своите влади и класи, обично ги вклучувале настаните од историјата на македонскиот народ во склопот на настаните од историјата на своите народи, фалсификувајќи цели периоди на македонската историја или молкум одминувајќи преку изразити појави и движења никнати врз македонската земја и специфични само за одделниот развиток и белег на македонскиот народ. Познато е колку само се пишувало во недалечното минато, за да се одрече одделниот карактер на Самуиловата држава, создадена на македонска земја и од домородни феудалци како резултат на специфичниот општествено-економски развиток на Македонските Словени, што во она време живееле во рамките на бугарската држава. Уште ни денес некои историчари на современата бугарска историографија не можат да се ослободат од тезата на својата буржоаска историографија „за западно-бугарската држава“, како обично ја нарекуваат Самуиловата држава[1]). Уште и денеска тие сметаат дека Самуиловата држава е органско продолжение на Првото бугарско царство коешто во време на никнувањето на Самуиловата држава во Македонија пропаднало под ударите на византиските војски, а врз чиишто урнатини израснала како нова творба со сосема нов државен центар во Преспа и Охрид, со сосема нови раководители и нова надворешнополитичка ориентација и стремеж за соработка со Јужните Словени, држава којашто водела жилави борби за својата афирмација и на македонскиот терен ги издржала последните борби за својот опстанок.

[1]) История на България, том I София, 1961, стр. 140,

Оправдувајќи го вклучувањето историјата на Македонија во склопот на бугарската историја, современиот бугарски историчар Димитар Косев до скоро време тврдеше дека во „Средните векови Македонските Словени биле составен дел од бугарскиот народ, а Македонија бугарска земја; дека во време на Балканската и Првата светска војна Македонците продолжиле да се чувствуваат Бугари и дека едвам по Првата светска војна почнале да се јавуваат белези за формирање на „Македонските Бугари во одделна нација"[1]). Не треба многу труд за да се разбие ова едностранo и погрешно мислење на Косева кое не почива на историски факти. Пред сé и сé Македонија почнала да влегува во составот на бугарската држава од средината на IX век и останала во нејзини рамки до 969 г. Меѓутоа, пред тоа најголем дел од Македонските Словени бил слободен и преку создавањето на племенски сојузи бил на добар пат да дојде до формирањето на своја сопствена држава. Окупирањето на македонските територии, што во IX век го извршиле византиските и бугарските владари, го успориле за извесно време овој самостоен развиток на Македонските Словени, но не сопреле да дојде до формирањето во втората половина на X. в. до првата држава на Македонските Словени за која што веќе горе стана збор. Според тоа Македонските Словени биле само околу 120 години во составот на средновековната бугарска држава, а бидејќи развитокот на македонскиот народ во останатите етапи на Средниот век се одвивал, негде во подолги, негде во покуси временски интервали и во составот на српската и византиската држава, би било сосема неосновано да се тврди дека Македонските Словени во Средниот век биле составен дел на бугарскиот народ, а Македонија — бугарска земја.

Уште понеосновано е тврдењето дека Македонците продолжиле да се чувствуваат како Бугари во времето на Балканската и Првата светска војна и дека одвај по Првата светска војна почнале да се јавуваат признаците за формирањето на „Македонските Бугари" во одделна нација. Меѓутоа, фактите говорат сосема поинаку. Ќе наведеме некои од нив. На Косева му избегала од пред очите да ја консултира статијата на познатиот поет и публицист П. Р. Славејков, во која со прилична лутина тврди дека „Македонското прашање најпосле излезе најаве и се покажа во печатот. Велиме најпосле, зошто тоа прашање не е нова работа. Ние го заслушавме уште пред десетина години од некои Македонци. Многу пати сме слушале од македонистите дека тие не биле Бугари а Македонци, потомци на старите Македонци. . . Македонистите посочуваат на разликата помеѓу македонското и горнобугарското наречје од кое што првото било поблизу до словенскиот јазик, а второто било помешано со татаризми и др„[2]). Исто така во цариградскиот весник „Право" од 30. XI. 1870 г. се вели дека „меѓу учителите во Македонија се создава мислење оти едно е Бугарин и бугарски јазик, а друго Македонец и македонски јазик". Во своите спомени Д. Благоев, одкако го

---

[1]) Д. Косев: Заключително слово по обсъждането на макета за том II от историята на България. Исторически преглед XI, 4 (1955) стр. 109.

[2]) Македонскиятъ въпросъ. В. „Македония" од 18. I. 1871 г. (Цариград).

напуштил занаетот во Цариград, тврди дека лесно му била исполнета неговата желба за стапување на училиште „зошто во тоа време (крајот на 60-те и почетокот на 70-те години от XIX век б. м.) бугарските националисти — револуционери се стремеа да разбудат и зацврстат кај Македонците чувство на национална општност со Бугарите и со радост го пречекуваа секое Македонче, способно да стане агитатор на бугарската национална идеја во Македонија... До училиштето имаше пансион, продолжува Благоев, каде што затеков многу Бугарчиња и Македончиња од кои ги помнам само Трајка Китанчева, Гулапчева и Башева.... Мнозина од нас, главно пансионерите Македончиња, горешто ја примивме идејата за национална општност и национално ослободување. За да можеме да станеме нејзини агитатори и пропагатори, создадовме едно ученичко друштво — една од чии што задачи беше самообразованието и изградувањето. Но таа не беше единствената цел — една повисока цел си поставивме — да ја пропагираме националната идеја сред Македонците во Цариград... зошто во тоа време имаше многу Македонци млекари и градинари во Цариград. Нарочно Македонците од Ресен имаа многу градини во околијата на градот"...[1]) Најодзади од повеќето други искажувања ќе го наведеме уште и ова за кое не веруваме дека не му е непознато на Косева. Предлагајќи ја федерацијата на балканските народи како најпогодна форма за нивната посреќна заедничка иднина, Димитар Благоев пишуваше во 1885 г.: „... а што се однесува пак до Македонија, нека ѝ се остави на нејзиното население доброволно да си го одбере оној јазик, вера и народност што самото ќе го посака"[2]).

Ова и уште редица други искажувања од 70-те и 80-те години на XIX в. а да не зборуваме за почестите искажувања во почетокот на XX в., јасно зборуваат дека првите свесни признаци на македонскиот национален индивидуалитет почнале да се појавуваат во 60-те години од XIX в., тогаш кога и кај некој други југословенски народи, а што било условено со побавниот развиток на капитализмот и капиталистичките односи во Македонија, во чија тесна врска е и појавата на македонската нација како историска категорија.

Од друга страна, исто така беше неосновано тврдењето и гледиштето на предвоениот српски буржоаски историчар Владимир Ќоровиќ во неговата „Историја Југославије" дека поради поместувањето на границите на српската средновековна држава на југ, Македонија добила српски карактер[3]). Ова тврдење на Ќоровиќа потекнуваше од тенденцијата да се оправда постоечката доминација на големосрпската буржоазија во Македонија помеѓу двете светски војни.

Со слични тврдења се служеше и денеска се служи грчката буржоаска историографија, сметајќи ја Македонија како дел од грчката земја а Македонците како Грци, како би ја оправдала нерамноправната положба на Македонците во јужниот дел од денешна Македонија.

---

[1]) Д. Благоев, Кратки белешки из моя живот. София, 1945, стр. 11—12,

[2]) Д. Благоев, Съчинения, том I. стр. 54.

[3]) Ћоровић, Историја Југославије. Београд, 1931, стр. 202.

Ослободена од секакви идеалистички разбирања и шовинистички тенденции, Комисијата за изработка на опширниот прирачник за историјата на народите на Југославија прва во нашата нова историографија го истакна одделнист развиток на македонскиот народ и во првиот том од спомнатиот прирачник му даде соодветно место на неговата историја.

## II

Досегашното отсуство на доволно објавени изворни материјали за целокупната историја на македонскиот народ; непостоењето во доволна мера на монографски студии за поедини проблеми и периоди од македонската историја, како и отсуството на организирана здрава и конструктивна дискусија и критика по ова прашање, не даваа можност за покренување односно поставување ова прашање на разгледување. Затоа во овој мој прилог ќе биде направен обид да се одбележат, негде со повеќе негде со помалу детаљи, главните периоди на историскиот развиток на македонскиот народ од најстаро време до наши дни.

Да се изврши правилна периодизација врз историскиот развиток на еден народ, па спрема тоа и на македонскиот, не значи да му се тураат граничните меѓи онде додека тој народ бил во рамките на оваа или онаа држава, или додека царувала над него оваа или онаа династија. Да се реши успешно и правилно периодизацијата на овој или оној општествено-историски процес значи, всушност, да се пронајдат квалитетните белези на поедини периоди од тој процес, па времето на исчезнувањето на едни појави и никнувањето на други во него, како и да се откријат причините на овие настанати промени. При тоа секако е важно да се води сметка и за културното наследство од минатото врз чии што територии се одвива гореспоменатиот процес. Ова е особено важно во случајот на нашата историја. Зошто античкото име на Македонија, односно нејзините стари жители Македонци, во чии што територии се населија неколку словенски племиња беше толку витално да им се наметна покасно како етнички белег на нивната нација, за разлика од начинот на формирањето на другите соседни балкански словенски нации.

Раководејќи се од ваквите разбирања, сметам дека во историјата на македонскиот народ времето од преселувањето на Македонските Словени на Балканот до IX в. претставува период што го покажува распаѓањето на родовските односи и настанувањето на класно општество. Еве како дошло до тоа.

Поради пљачкањето и заземањето нови територии во Македонија од крајот на VI в. натаму, како и поради мешањето со староседелците, почнала да се губи еднаквоста внатре помеѓу членовите на еден род, а со новото групирање на родовите и племињата по котлините и долините на македонските реки, родовската организација ја замениле селските општини. Работната земја во нив ја разделиле помеѓу себе крупните фамилии, а неразработената и понатаму се задржала како општа за сите членови на општината. Зацврстувањето на селските територијални општини и зголемениот напредок во поледелството, поради влијанието на староседелскиот елемент, како и поради благопријатното влијание

на соседна Византија, придонесувал од една страна за сé посилно диференцирање помеѓу членовите и за одделување на племенските првенци и кнезови од друга страна, и довел до создавање на пошироки територијални заедници, таканаречени Славинии, како и до создавање на племенски сојузи за напад на византискиот град Солун или за одбрана од Византија, под раководството на првите познати кнезови на македонските словенски племиња — Хацон и Пребонд. Контраударите на Византија во VII и VIII в. (658 г., 688 г. 758 г.), па постепеното византиско завладување на најјужните делови на Македонија, потоа специјалната византиска политика преку иселување на Македонски Словени во Мала Азија и преку клинесто вовлекување на нови колонизирани елементи во сама Македонија, влијаеле да заслабне племенскиот сојуз, кој бил на добар пат да прерасне во цврста државна организација.

Брзото јакнење и ширење на бугарската држава кон долините на реките Места, Струма и Вардар довело во средината на IX век до потчинување поголемиот дел од Македонските Словени под бугарска власт, до масовно примање на христијанството, и до создавање првите темели на писменоста на јазикот на Македонските Словени. Воведувањето, пак, на новата вера со дотогаш непозната хиерархија во црковната организација и создавањето на крупни земјишни манастирски поседи со привилегирана положба на црквата и свештенство ги подготвило условите за уривање на старите општествено-економски односи и формирање квалитетно сосема нови т. е. довело до формирањето на новата општествено-економска формација и новиот период во развитокот на македонскиот народ — феудализмот. Овој период претставувал повисок степен во развитокот на македонскиот народ во споредба со претходниот. Истовремено феудалниот период е и најдолг период во историјата на македонскиот народ и го зафаќа времето од X в. до средината на XIX в. Некои негови остатоци се провлекувале дури до првите децении од XX век.

Феудализмот во Македонија го карактеризираат неколку важни белези. Пред сé и сé тој не се развивал рамномерно и по нагорна линија поради променливата судбина на македонскиот народ. Во текот на многу векови Македонија сменувала различни господари, влегувајќи еднополругo или истовремено во рамките на повеќе држави во кои степенот на развитокот на феудалните односи бил различен. Затоа и се случувало некои негови форми и елементи да бидат внесувани однадвор (на пр. од Византија установата на црквата, пронијата, терминот за зависен селанец — парик и др.) или подоцна од Турција (установата на тимари, зијамети, хасови, спахии, вакафи и др.); дури и носителите на многу феудални установи биле често и недомашни луѓе што им давало доста повод на буржоаските историчари од соседните земји богато да го злоупотребуваат овој факт, за да го негираат посебниот развиток на македонскиот народ.

Феудалниот период во Македонија траел прилично долго, скоро цели девет векови. Овој факт може да ја појасни во прилична мерка фрапантната бавност па и заостанатост, во развитокот на македоскист народ во споредба со другите југословенски и европски народи, што имало прилични последици за неговата понатамошна судбина.

Во текот на овој период, т. е. уште во почетокот на X в. во времето на зацврстувањето на феудалните односи се јавил масовен отпор против феудализацијата на Македонија во формата на богомилското верско учење. Критикувајќи ги остро, главно, крупните претставници на црквата, богомилите всушност се стремеле да го задржат односно да го вратат назад преживаениот ред во селските општини. Токму во врска со сé поголемиот процес на феудализација никнала и првата македонска држава во втората половина од X век на чело со Самуила која што во своите рамки ги вклучила сите балкански земји освен Хрватска и Средна и Јужна Грција. Бидејќи тукуречи целиот свој век Самуиловата држава го поминала во непрекината борба со Византија, 1018 г. таа била уништена. Спроведувајќи потполно византиска управна организација, а нешто подоцна заменувајќи ја дотогашната натурална рента со парична, Византија вовела и пронијарски систем во Македонија за чие време брзо пораснале световните и црковните големопоседи, слободните селани се превртувале во парици, па дури биле продавани како робови. Од друга страна, византиската управа благопријатно влијаела врз развитокот на градовите во Македонија. Порано отколку сите други југословенски земји Македонија стапила во потполно зрела фаза на феудализмот чиј што носители биле во поголемиот дел Византијци, но меѓу нив се наоѓале по некои и од домашните луѓе (на пр. Јован Тихомир во Скопје, феудалец од втората половина на XII в.; Добромир Хрис во Струмичката област од истото време: Деспот Алекси Слав во Родопската област; протосеваст Прибо од Скопско, од првата половина на XIII в., Драгшан од Мелник и др.). Но прашањето за систематското изучување на домашното племство во Македонија во тој поглед уште не е ни начнато, па е можно да имало и други домашни феудалци.

Во врска со оваа нова фаза во развитокот на феудализмот во Македонија, се појавиле партикуларистички тенденции кај извесни феудалци и стремежи за нивно потполно осамостојување. Како резултат на сето ова, кон крајот на XII и почетокот на XIII в., градот Просек кај Демир Капија на Вардар, со широките области околу него, станал центар на државна творба на двајца крупни независни македонски феудалци — Добромир Хрис и Добромир Стрез.

Со постепеното преминување на Македонија од 80-те години на XIII в. во составот на српската средновековна држава, феудалниот поредок по византиски образец не само што продолжил во неа, туку во времето на Душана доживеал свој најполн процут. Партикуларистичките стремежи на крупните феудалци по Душановата смрт и нивните меѓусебни борби тогаш дошле до полн израз и во Македонија. Неа ја разделиле крупните династички фамилии Мрњавчевиќи, Дејановиќи и др. владеале самостојно во своите области се до паѓањето на нивните држави под турска врховна власт кон крајот на XIV в.

Со паѓањето на Македонија под турска власт настапила сосема нова фаза во феудалниот развиток на македонскиот народ — фазата на таканаречениот османски тимарско-спахиски феудален систем, чија

---

[1]) Историја народа Југославије, т. I, стр. 322.

„основна теденцинја била создавање на ситен феудален посед како база врз која се потпрела централната власт и воведување на вазални односи само спрема султанот"[1]). Карактеристично е дека сменувањето на византинско-словенскиот тип феудални односи со новиот тип на односи се извршил преку преземањето на некои установи, па дури и приклучувањето на некои нивни носители во тимарско-спахискиот систем. Преминот на некои ситни феудалци во служба на турскиот тимарско-спахиски феудален систем во Македонија како спахии одвај во поново време го открила нашата историографија[1]).

Еден од главните белези на оваа фаза на османскиот феудален систем бил тој, како што рековме, што почивал главно на ситни поседи — тимари и нешто поголеми од нив — зијамети, давани на спахии на времено користење со обврска нивните уживатели да служат како коњаници во армијата. Заедно со феудалниот посед спахијата ги добивал и зависните селани кои морале на спахијата да му даваат со закон определени давачки и да вршат со закон определени служби. Голем дел од крупните поседи, таканаречените хасови, ги држеле султаните, нивните роднини, големите везири и др. крупни личности. Меѓутоа, во градовите и касабите, лозјата, бавчите, ливадите, куќите и дуќаните биле сопственост на муслиманските и македонските држатели што со нив слободно располагале.

Втор белег на османскиот феудален тимарско-спахиски систем бил тој што неговите носители главно биле претставници од исламската вера која што била не само господаречка вера во државата, туку нејзините прописи служеле како база на османското законодавство. Општо земено, исламскиот елемент бил привилегиран и, за разлика од него, покорените немуслимански поданици плаќале повеќе даноци и намети.

Непосредно по доаѓањето на Турците во Македонија стопанството главно имало натурален карактер, но по стабилизацијата на турската власт, особено по колонизирањето на југручките елементи по селата и градовите, и Евреите, исклучително по градовите, започнале да заживнуваат градовите и градското стопанство.

Османскиот феудален систем во Македонија можеме да го поделиме, главно, на две етапи: етапата од идењето на Турците до втората половина на XVI в., кога османскиот феудален систем го доживеал својот највисок подем, и на етапата од втората половина на XVI в. до средината на XIX в., кога се вршело неговото бавно распаѓање. Со процесот на распаѓањето на османскиот феудален систем во Македонија поврзано е засилувањето на ајдучијата, појавата на првите локални бунтови од кои се најпознати, засега, Мориовско-прилепската од 1564—1565 г. и Карпошевото востание во 1689 година.

Особена длабока криза го зафатила османскиот тимарско-спахиски феудален систем во времето од крајот на XVIII в. до средината на XIX в. Токмо во ова време настапило посилното навлегување на капиталистичките елементи во селското стопанство на Македонија и разбива-

[1]) А. Стојановски: Кон прашањето за христијаните спахии во Македонија. Гласник на Институтот за национална историја. IV, 1—2 (1960) стр. 304—316.

њето на неговите тесни и тукуречи дотогаш затворени рамки. Тогаш се забрзал процесот на формирањето на нов тип поседи, така наречени чифлици; тогаш настапило силно преливање на селското население во градовите, по кое се развило занаетчиството и трговијата. Како најкрупна последица од овој и ваков процес на создавање чифлици почнало ново прегрупирање на класните снаги во селото, се засилила класната диференцијација помеѓу експлоатираните селски маси што останале на село и крупните земјопоседници, од друга страна. Грабајќи ги на сила земјите од селаните и превртувајќи ги во свои чифлици, оставајќи ја рајата без дотогашните основни средства за производство, чифлик-сајбиите создале од селаните економски зависни луѓе — таканаречени чифлигари и безземјаши, кај нас познати со името момоци, кои живееле во многу мизерни прилики по чифличките имоти на крупните земјопоседници. Исто така и во чисто сточарските села се јавила оваа диференцијација исфрлајќи на површината на една страна малубројни крупни сточари — трговци од типот на Ѓурчин Кокале, кои се богателе брзо и некои од нив станувале прекупци на даноците, на друга страна бројни ситни сточари и овчари, надничари кај овие крупни сточари.

Меѓутоа, најмногу траги од овие промени се осетиле во македонските градови. Пред сѐ, осетно се наголемил и по број и по економски ефект македонскиот градски елемент во нив. Настапениот релативно мирен период по задушувањето на Првото српско востание и ликвидирањето на сепаратистичките стремежи на крупните турски феудалци од една страна, нараснатите консумативни потреби на побројното старо и новопридојдено население и новосоздадени турски гарнизони во градовите создавале можност за еден силен процут на занаетчиството и трговијата и за оформување на едно дотогаш слабо видена и пројавена граѓанска класа во Македонија, од друга страна.

Навлегувањето на капиталистичките елементи во селското стопанство предизвикало и други промени. Сѐ повеќе се покажувало давањето тимари и зијамети на спахиите со обврска да служат во турската армија како нешто преживеано, бидејќи зачестило неодењето на спахиите во војска или пак масовното дезертирале од неа. Затоа со Ѓилханскиот хатишериф од 1839 г. се укинувала спахиската установа и се заменила со постојана војска од европски тип, се прокламирала слобода на трговијата и се гарантирала полна сигурност на животот, имотот, честа и спечалените имот; се создале и првите банки за олеснување на трговскиот промет; се склучиле нови трговски договори со западните земји; се вовеле сосема нови установи од европски тип (поштата, телеграфот и телефонот, трговските судови и др.); се позволило-со извесно ограничување — учеството на граѓани од сите вероисповести во новоформираните обласни и околиски меџдиси и др. Со други зборови, Македонија во рамките на Турската империја почнувала да стапува на патот на капиталистичкиот развиток. Овој развиток навистина врвел многу бавно, бидејќи, од една страна, феудалните елементи доста жилаво се бореле да го сочуваат својот опстанок, а од друга страна, и самата Турска Империја во текот на својот понатамошен развиток се превртувала од независна во полуколонијална земја на европскиот капитализам. Самиот

вропски капитализам го сопирал не само нејзиниот природен развиток, туку и развитокот на потчинетите народи во неа, особено по Кримската војна, кога гарантирањето на нејзиниот интегритет го зеле врз себе самите големи европски држави. Значи, времето од крајот на XVIII в. можеме да го сметаме како време на зародување внатре и навлегување однадвор капиталистички елементи, а времето од средината на XIX в. како време на растеж, зацврстување на капитализмот и капиталистичките односи во Македонија. Истовремено, од крајот на XVIII в. се смета и почетниот период во создавањето на материјалните услови за формирањето на македонската нација.

Периодот на капитализмот траел во Македонија се до 1945 г. Овој период може да се подели на три фази: првата фаза го опфаќа времето од Кримската војна до балканските војни, односно до Првата светска војна; втората фаза го опфаќа времето од Првата светска војна до 1941 г., а третата фаза од 1941—1945 г.

Првата фаза на капиталистичкиот период во Македонија ја карактеризираат следниве појави: 1) просветно разбудување и први масовни истапи на младата македонска буржоазија за воведување на народниот јазик во училиштата, како и за отстранување на туторството на грчката Цариградска патријаршија од Македонија; 2) организирана и свесна борба на македонскиот народ за ослободување од турското ропство и од влијанието на соседните држави, како и зачетоци на првите никулци на работничкото движење.

Истапувањата на младата македонска буржоазија доаѓаат прво на видело во нејзините барања да се воведе во новоотворените училишта настава на македонски народен јазик, потоа во пишувањето на првите учебници на македонски јазик од неколкуте интелектуалци, таканаречени македонисти, во масовната борба за отстранување грчките црковни раководители што ги натурувала Цариградската патријаршија во Македонија, и во нивното заменување со црковни раководители од македонско потекло; најодзади, во барањето да се врати автокефалноста на укинатата Охридска архиепископија. Всушност, во оваа фаза доаѓаат до израз првите признаци во развитокот на македонската национална свест одразени во декларациите на веќе порано спомнатите македонисти и македонски учители за тоа дека „едно е Бугарин и бугарски јазик, а друго Македонец и македонски јазик".

Напорите на македонската буржоазија од 60-те и 70-те години на XIX век за враќањето автономијата на некогашната Охридска архиепископија не биле крунисани со успех, зашто нејзината сојузница во борбата против Цариградската патриаршија — бугарската буржоазија — била економски посилна, поразвиена и бројно поголема, та успеала да ги наметне своите сопствени барања за формирање на бугарска независна национална црква[1]. Како што е познато, оваа црква се оформила под името Бугарска егзархија и ја проширила својата јурисдикција и во некои

[1]) Одвај во наши дни, на 4. X. 1958 година се обнови Охридската архиепископија во канонско единство со Српската православна црква.

македонски епархии. Кога неколку години подоцна била ослободена од турскиот јарем Бугарија со помошта на руските војски и кога се формирала бугарската држава, Егзархијата станала нејзино најсилно орудие за бугарската пропаганда и влијание во Македонија, преку црквата и училиштата.

Ни организираните борби под раководството на Тајната македонско-одринска револуционерна организација од 1893—1912 г., во кои најсилно се манифестирал самостојниот развиток на македонскиот народ, не довеле до ослободување, иако платформата врз која се вршело собирањето на македонските маси била многу широка и демократска. Востанието што Организацијата го кренала на Илинден 1903 г. означувало врвна точка на нејзиното напнување и истовремено и почеток на нејзиното слабеење што со своите пропагандни акции и оружани чети го забрзале монархиите од соседните земји.

Никнувањето на првите фабрики и претпријатија од втората половина на XIX век наваму, особено моќната конкуренција на европските индустриски, па дури и земјоделски, производи на нашите домашни производи, го предизвикале пропаѓањето на македонските занаетчии и пауперизирањето на македонските селани. Ова било база за појавата во крајот на XIX в. на првите никулци на работничката класа во Македонија чие што политичко и синдикално организирање во поголемите градови врвело многу бавно.

Кога ни краткотрајните обиди на Младотурците од 1908 г. кон кои се присоединило и левото крило на македонските револуционери, да се ликвидира апсолутизмот на султанот и остатоците на средновековјето што го сопирале општествениот развиток не ги решиле основните прашања за ослободувањето на македонскиот народ, се јавил како нужност сојузот на балканските монархии и војните во кои учествуваа и Македонците на страната на сојузните балкански држави, како доброволци, во резултат на што се ликвидира гнилата турска власт од Балканот. Но по балканските војни и покрај јасните барања на Македонците од Петроградската македонска колонија на чело Чуповски за своја сопствена држава, Македонија била раскината со Букурешкиот мирен договор како економско-географска и историско-етничка целина на три дела, а македонскиот народ подложен на сурова денационализција и економска експлоатација од буржоазиите на соседните монархии. Ни Версајскиот мирен договор, шест години подоцна, не ја корегирал оваа жестока неправда на Букурешкиот договор, иако најпрогресивните синови на македонскиот народ правеле бројни постапки пред Мировната конференција во Париз, барајќи неразбивање целоста на македонскиот народ и добивање полна национална слобода како гаранција за траен мир меѓу соседните држави на Балканот. Од гледна точка на економската и националната целост на Македонија ова е најтрагичната точка во нејзината историја, а со неа се завршила и првата фаза на капитализмот во Македонија.

Втората фаза од капиталистичкиот развиток се одвива во склопот на трите балкански монархии. Македонскиот народ што и припадна на стара Југославија имаше тукуречи заеднички развиток со развитокот на

сите југословенски народи. Па сепак, во овој заеднички живот има неколку карактеристични и специфични појави што не се забележуваат кај другите народи. Пред сé, побавно обновување на Македонија, опустошена само во еден краток интервал од 1912 до 1918 г. во трите војни, бидејќи најголемите операции се воделе на македонски терен; второ, спроведување на делумична аграрна реформа по пат на фаворизирање реакционерни елементи и колонизирање на Македонија со немакедонски елементи, со цел да се создадат бази за асимилација и здрава поткрепа на буржоаската управа. Во врска со ова во политиката на големосрпската буржоазија била спроведувана и национална дискриминација спрема македонскиот народ со запоставување на неговиот економски, и културно-просветен развиток. Уште полоша национална дискриминација е спроведувана и во другите делови на Македонија под грчка и бугарска власт, особено под грчка власт.

Третиот, и завршниот, дел од капиталистичкиот период на Македонија во рамките на стара Југославија е поврзан со настаните од Втората светска војна, односно со пропаѓањето на буржоаскиот поредок во стара Југославија, со окупирањето и дəлбата на Македонија помеѓу италијанските и бугарсите фашистички освојувачи. Истовремено, ова е фазата на крвавиот отпор на македонските маси кои се присоединиле кон борбите на јуогсловенските народи за национално и социјално ослободување на земјата од фашистичките окупатори и нивните домашни слуги.

Со победата во Народноослободителната војна и Народната революција настапи најновиот и истовремено и најкрупниот период во историјата на македонскиот народ — периодот на социјализмот односно периодот на националното ослободување. Во овој период само на македонскиот народ во рамките на нова Југославија му се призна за првпат правото на неговиот полн национален развиток, му се дадоа и му се даваат огромни материјални средства и можности, за да се извлече од својата вековна заостанатост и да тргне по патот на брзиот и рамноправен развиток со другите југословенски народи; во оваа фаза се прокламира воведувањето на македонскиот народен јазик за државен јазик во администрацијата и училиштата; се отворија училишта од сите видови и рангови на македонски литературен јазик, како и други највисоки научни установи каде се проучува македонската национална историја, култура и уметност, што се доведе до непознат замав на неговите со векови сопирани стремежи за подобар живот. Прогресот што за овие дваесет години слободен живот го постигна македонскиот народ во рамките на СФРЈ, како и помошта што народите од братската заедница постојано му ја даваат, отвораат невидени перспективи за уште пополн економски процут и афирмација на неговата национална култура.